ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
Бр. 04-100/9
06.05.2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 212 од Законот за социјална заштита ( Службен весник на РСМ, бр.104 од 23.05.2019 година) како и член 17 од Статутот на ЈОУ Дом за страи лица „Сју Рајдер„ Битола , а во врска со Јавен оглас бр.1/2025 од 24.04.2025 година за вработување на единаесет извршители на неопределено време ( објавен во дневниот печат Нова Македонија и Коха) по предходно добиената согласност на МСПДМ и МФ на РСМ бр.04-1312/3 од 27.03.2025 година и бр.04-293/11 од 04.04.2025 година, Директорот на Јавна општинска установа Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола на ден 06.05.2025 година, ја донесе следната;

**О Д Л У К А**

**Член 1**

За работа на неопределено време , а во врска со Јавен оглас бр.1/2025 од 24.04.2025 година за вработување на единаесет извршители во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола се избираат следните кандидати кои ги исполнуваат бараните услови по јавниот оглас:

1. Петровска Лидија работно место медицинска сестра
2. Шејнур Јашаровска работно место медицинска сестра
3. Лилјана Мишевска работно место медицинска сестра
4. Весна Јосифовска работно место медицинска сестра
5. Јулијана Богевска работно место геронто домаќин
6. Гордана Стојановска работно место геронто домаќин
7. Кибарет Таировска работно место готвач II
8. Билјана Наумовска работно место перач
9. Гордана Велјановска работно место домаќин I
10. Љубиша Божиновски работно место ложач на парен котел III
11. За работното место социјален работник немаше пријавени кандидати.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Во врска со Јавниот оглас бр.1/2025 од 24.04.2025 година за вработување на единаесет извршители на неопределено работно време во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола, по спроведената административна селекција и интервју од страна Комисијата за административна селекција и интервју формирана со Решение бр.04-100/3 од 23.04.2025 година, до директорот на Установата беше доставена предлог ранг листа со кандидати за пополнување на предвидените работни места по јавниот оглас кои целосно ги исполнуваат условите наведени во јавниот оглас и кои ги поминаа двете фази на административна селекција и интервју, при што предлог ранг листата беше прифатена.

Според горе изнесеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против овој управен акт донесен од Установата, согласно член 104 став 2, член 118 и 119 од ЗОУП (Службен весник на РМ бр.124/15), незадоволните страни имаат право на управен приговор, жалба преку архивата на Установата до Управниот одбор на Установата или до Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен во рок од 8 дена од приемот на актот.

**Доставено до:**
-Кандидатите
-Архивата на Домот за стари лица Сју Рајдер Битола

ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола
Директор
Марина Крстиќ